**Известување за концентрација со која Нетцетера Гроуп АГ (Netcetera Group AG) Цирих, Швајцарија стекнува целосна контрола над Камино ДОО Љубљана, Словенија**

**(предмет бр. 08-162/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 16.12.2022 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Нетцетера Гроуп АГ (Netcetera Group AG) со регистрирано седиште на ул Ул. Ципрессенштрасе 71, Цирих, Швајцарија се стекнува со целосна контрола над Камино ДОО со регистрирано седиште на ул. Дунајска цеста бр.22, Љубљана, Словенија, по пат на купопродажба на удели.

Нетцетера Гроуп АГ нуди услуги на информатичко општество и развој на дигитални производи. Нетцетера Гроуп АГ е софтверска компанија основана во 1996 година со седиште во Цирих, Швајцарија. Главната понуда која Нетцетера ја нуди на пазарот на корисниците, е развој на информатичка технологија (ИТ) со различни ИТ услуги и продукти и софтверски решенија, особено во областа на финансиската индустрија (вклучувајќи ги и услугите во врска со онлајн трансакции), но и транспорт индустријата, медиумите како и здравствениот сектор.

Нетцетера Гроуп АГ е присутна на пазарот во Република Северна Македонија како единствен основач во следното друштво со учество од 100%: Нетцетера ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на Ул. Партизански Одреди бр. 72 А, 1000 Скопје и предмет на работење компјутерско програмирање. Дополнително, Нетцетера Гроуп АГ е присутна на пазарот во Република Северна Македонија како содружник во следното друштво со учество од 30%: Блокверс ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Ул. Анкарска бр. 18/1 А, 1000 Скопје и предмет на работење компјутерско програмирање.

Камино ДОО е софтверска компанија, основана во 2015 година во Љубљана, Словенија. Компанијата е главно фокусирана на креирање и развој на мобилни апликации во финтек областа; за потребите при мрежно поврзување на интернет (Internet of Things “IoT”); во областа на дигиталните идентитети и во областа на медицинската технологија.

Камино ДОО, покрај специјализираноста да испорача индивидуално нарачани продукти, во својата понуда нуди и целосна поддршка на корисниците, од моментот на формирање на идеата за мобилната апликација до моментот на активирање и пласирање на апликацијата.

Оваа концентрација се однесува на следниот глобалниот пазар на софтверски услуги и продукти за вршење на безбедносна автентикација при онлајн трансакции (3DS market).

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.12.2022 година

Скопје